# Глобална политика за финансиски криминал

*За конкретна целна група – видете го прилогот, „Привремени работници и добавувачи (со исклучок на Германија)“*

## 1. Цел

Да се осигури дека:

- Не учествуваме во финансиски криминал и нашите бизниси/услуги не се користат за олеснување на финансиски криминал, како што се поткуп и корупција, перење пари, даночно затајување, измама и финансирање тероризам.
- Свесни сме за списокот со „црвени знамиња“ за финансиски криминал.

## 2. Дефиниции

| Зборови | Дефиниција |
|---|---|
| **Поткуп и корупција** | Давање или примање пари нелегално или неетички со намера да се влијае врз активностите на некое лице (може да биде јавен/владин службеник или кое било лице во многу земји). |
| **Криминално стекнат имот** | Имот што е или претставува придобивка за една личност од криминално однесување, при што таа личност знае или се сомнева дека имотот е или претставува таква придобивка. На пример, може да вклучува примање средства или стоки за кои се сомневаме дека потекнуваат од криминално однесување (на пр., стоки добиени по исплатен поткуп на царински службеник). |
| **Финансиски криминал** | Вклучува поткуп и корупција, перење пари, затајување данок, измама и финансирање тероризам и какви било други незаконски активности со коишто се крие потеклото на криминално стекнатиот имот. |
| **Измама** | Нечесно стекнување придобивка или предизвикување загуба со измама, лажно претставување или злоупотреба на позицијата. |
| **Трета страна со повисок ризик** | За целта на оваа Политика, трета страна со повисок ризик се однесува на кој било деловен партнер на JM:<br>• кој е вклучен во продажба или купување на производи или услуги со повисок ризик, како што се благородни метали или рафинирање (со исклучок на рециклирање на сопствениот потрошен метал како основа на катализаторите на JM);<br>• кој води бизнис или врши услуги во јурисдикции со повисок ризик во поглед на финансискиот криминал;<br>• кој бара невообичаени или сложени трансакциски структури, како што се готовински трансакции, сложени синџири на снабдување, сложени даночни аранжмани или<br>• кој постапува сомнително или на друг начин создава ризик за финансиски криминал. |
| **Перење пари** | Процесот на прикривање на вистинското потекло на криминалните приноси и интегрирање на тие приноси во легитимната економија. Примарните прекршоци за перење пари вклучуваат тргување со криминално стекнат имот или завера со други лица за да им се овозможи да тргуваат со или да го задржат криминално стекнатиот имот. |
| **Даночно затајување** | Намерно или нечесно мамење на органите за јавни приходи или измамничко затајување данок. Даночното затајување вклучува олеснување на затајувањето данок, што може да се случи кога некој е свесно загрижен или презема чекори со цел помагање, поттикнување, советување или спроведување на извршувањето на тоа затајување. |
| **Финансирање тероризам** | Обезбедување пари или друг имот на групи со намера, знаење или сомневање дека тие групи имотот ќе го користат за терористички цели. |

## 3. Политика

- Не смеете да се вклучите во каква било активност што претставува, му олеснува или му помага на друго лице во извршувањето финансиски криминал.
- Мора да го прегледате списокот со „црвени знамиња“.
- Мора да ги пријавите сите сомнежи или фактички сознанија што ги имате дека има/ќе се случи финансиски криминал кај правниот тим.
- Мора да соработувате со правниот тим за да спроведете соодветна анализа за финансискиот криминал во следните ситуации:
    - пред да влезете во деловен однос со трета страна со повисок ризик;
    - секогаш кога се менуваат информациите за трета страна со повисок ризик, како што е промена на банкарските податоци, името на компанијата, сопственоста, локацијата или видот на деловните активности или
    - кога постои причина за сомнеж дека трета страна е вклучена во финансиски криминал.
- Службата за финансии мора да воспостави минимални финансиски контроли доволни за да се ублажи ризикот од финансиски криминал.

## 4. Исклучоци

Сите барања за исклучоци од оваа политика треба да се достават до Службата за етика и усогласеност на Групацијата или до нејзино овластено лице за одобрување.

## 5. Последици од прекршувањето

Какво било прекршување на оваа политика може да доведе до дисциплински постапки, вклучително и престанок на работниот однос.

## 6. Референци

### 6.1 Поврзани политики

- Глобална политика за спречување поткуп и корупција Глобална политика за спречување на поткуп и корупција в1.0.docx
- Етички кодекс: Правилно постапување https://matthey.com/about-us/governance/code-of-ethics
- Глобална политика за подароци, гостопримство и добротворни донации Глобална политика за подароци, гостопримство и добротворни донации.docx
- Глобална политика за Speak Up Глобална политика за Speak Up в1.0.docx

Commented [CW1]: Will need updating to reflect any changes to other policies.

### 6.2 Поврзано упатство

- Прирачник за финансиски криминал Финансиски криминал (sharepoint.com)
- Листа на „црвени знамиња“ за финансиски криминал Прирачник за финансиски криминал - Црвени знамиња.pdf (sharepoint.com)
- Финансиски криминал - Нов водич за договори Политика за финансиски криминал - Водич за договори.pdf (sharepoint.com)

## 7. Прилог

### 7.1 Обврски од документот

| Улога на документот | Деловни улоги |
|---|---|
| Одобрувач (Спонзор на Глобалниот лидерски тим) | Главен советник и секретар на компанијата |
| Сопственик | Главен советник, Групација |
| Напишано од | Помошник генерален советник, Етика, усогласеност и одржливост |

### 7.2 Контрола на верзијата

| Верзија | Датум | Промена |
|---|---|---|
| 1.0 | 09.11.2022 г. | Поедноставен формат за истакнување на најважните информации за колегите |
| 2.0 | 23.10.2024 г. | Поткупот, корупцијата и измамата се додадени за да се прошири опсегот и да се вклучат главните финансиски злосторства. |

### 7.3 Целна група на политиката

| Служби | Дали е применливо? (ДА/НЕ) | Работни функции за кои се однесува политиката |
|---|---|---|
| Администрација | | |
| Безбедност | | |
| ИТ | | |
| Корпоративни работи | ДА | Директори, раководители |
| Финансии | ДА | Глобален лидерски тим, директори, раководители, контролори, аналитичари, специјалисти, надзорници, сметководители, советници |
| Човечки ресурси | ДА | Глобален лидерски тим, директори |
| Правна служба и интелектуална сопственост | ДА | Глобален лидерски тим, директори, правници |
| Управување со проекти | | |
| Истражување и развој | | |
| Инженерство | | |
| Животна средина, здравје и безбедност | | |
| Производство | | |
| Синџир на снабдување | ДА | Директори, раководители |
| Набавка | ДА | Директори, раководители |
| Транспорт и планирање | | |
| Квалитет | | |
| Комерција | ДА | Директори, раководители, аналитичари, надзорници, претставници за продажба |
| Генерално раководство | ДА | Глобален лидерски тим, раководители |
| | | |